Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносителел без наведена адреса на живеење, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 100-та седница одржана на 06.02.2024 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот број 12-4571/1 од 21.09.2023 година, оформен по пријава со наводи за сомнеж од корупција кои се однесуваат за бесправна градба во Национален парк -----------, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување, поради тоа што за предметниот случај постапува друг надлежен орган.

Предметот со број 12-4571/1 од 21.09.2023 година да се затвори и архивира

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

До ДКСК поднесена е пријава од познат подносител, со наводи за сомнеж од корупција кои се однесуваат за бесправна градба во Национален парк ----- и оформен е предмет број 12-4571/1 од 21.09.2023 година.

Наводите во пријавата се однесуваат на тоа дека ----------------- од ---------------- на ден 22.08.2023 година пријавува за бесправно градење на објекти во Национален парк -------------- на место викано ----------- место кое се води како земјоделско и пасишта на парцелата КП бр.-------- и КП бр.-------------.

По поднесената пријава од 22.08.2023 добил одговор за кое е донесен и Записник согласно кој е наведено дека КП бр.---- и КП бр.-------- биле само заградени со ограда спротивно на фактичката состојба од која се изгрдени објекти.

Постапката од Општина ----------- ја водел инспектор ------------------. Во прилог на поднесента пријава доставува дополнителна документација поради што бара да се испита и да се провери како функционираат институциите во Р.С.Македонија.

Во насока на утврдување на фактичката состојба и проверка на наводите во конкретниот предмет ДКСК со барање за доставување податоци и информации бр.12-4571/2 од 29.12.2023 гофинан и ургенција 12-458/1 од 30.01.2024 година, се обрати до Општина ------------ да достави одговор дали се отстранети утврдените неправилности во извршениот инспекциски надзор согласно Записникот за извршен инспекциски надзор ИП 1 бр.36--------- од ---- година, додека за парцелата бр. КП бр ----------- која е наведена во наводите на пријавата бараме да се изврши инспекциски надзор иа да се достави записник од истиот.

По доставеното барање од Општина ------- во ДКСК добиено е известување согласно кое од Општината информираат дека за конкретниот случај било постапено по три предмети и тоа:

1. Предмет ИП1 бр.----- направен е Записник од извршен вонреден инспекциски надзор ИП1 бр.--------- од --------- година во кој е констатирано поставена дворна ограда без Решение за поставување од страна на субјект на надзор лицето ------------ на КП --------- КО ----------, ------------.Доставено е Решение со опомена за остранување ИП1 бр-------------- од --------- година со рок од 7 дена.На кое Решение доставена е жалба до Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка, која под број ИП2 бр.------------ година истата ја уважува и предметот го враќа до првостепен орган и повторување на постапката која веќе е во тек.

2. Предмет ИП1 ------------ година за кој е констатирано изградба на објект А4- за времено сместување без Одобрение за градба од страна на субјект на надзор лицето -------------- на КП --------- КО -----------, ------. Доставено е Решение со опомена за остранување ИП1 бр.---------- од ------------------ година со рок од 14 дена. На кое Решение доставена е жалба до Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор ИП1 бр--------- година во кој е констатирано да субјектот на надзор не постапил по донесеното Решение со опомена за остранување, па според тоа донесено е Решение за остранување ИП1 -------------- година со рок од 14 дена.На ден --------.2023 година предлог Кривична пријава до ОЈО, ------- против лицето -----------. На ден ---------- 2023 година доставена е жалба во Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка против Решение за отстранување, која под број. ИП2 бр.----------- од --------------година истата ја отфрла како неоснована. Управната постапка е во тек.

3. Предмет ИП1 бр. ------------, направен е Записник од извршен вонреден инспекциски надзор ИП1 бр.-------- од -----------2023 година во која е констатирано е изграден објект ---за времено сместување без Одобрение за градба од страна на субјект на надзор лицето Томчо Вчавчевски на КП ---- и КП ------- КО ------, -------. Доставено е Решение со опомена за отстранување ИП2 бр.--- од -------- година со рок 14 дена. На кое Решение доставена е жалба во Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка, која под број ип2 бр.------ од ------- година истата ја одбива како неоснована. На ден ------- година доставена е предлог Кривична пријава до ------, -------- против лицето ----------. Управната постапка е во тек.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК оцени дека нема елементи за надлежно постапување од причина што постапува друг надлежен орган за кој што видно од одговорот на Општина ------------ постапката е во тек и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Дотавено до: подносителот на пријавата
**Одобрил**: Ш.С –член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановка**